**Република Македонија**
**Државна изборна комисија**

# З А П И С Н И К
## ОД 91 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 05 АПРИЛ 2014 ГОДИНА

[illegible]

Деведесет и првата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 05 април 2014 година ( сабота ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:20 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими-** | Член на Државната изборна комисија, |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам.Генерален секретар на Државната изборна комисија |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница е предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 90 – тата Седница на ДИК одржана на 03.04.2014 година;**
**2.Предлог Одлука за доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија, на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година;**
**3.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Парламентарното Собрание на Советот на Европа и од Амбасадата на Франција за претседателските избори и предвремените парламентарни избори 2014 година;**
**4.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**5.Разгледување на пријавите за гласање во ДКП-Тирана;**
**6.Разгледување на пресудите од Управен суд по барањата за запишување во посебниот извод од Избирачки список – Тирана;**
**7. Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список;**
**8.Разно**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски од како го прочита дневниот ред предложи точката 6 да се преформулира и да гласи : " Запознавање со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд ".

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.

За збор се јавија:

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК кој кажа дека има повеќе предлози по вака предложениот дневен ред. Прввиот предлог е 6 точка, која Претседателот на ДИК ја преформулира, да не биде точка на дневен ред затоа што станува збор за тема која повеќе пати била апсолвирана во ДИК. Се работи за поголема група на граѓани за кои се донесени пресуди од Управен суд да бидат запишани во посебниот извод од Избирачкиот список во Изборна единица – Тирана. Вториот предлог му е точките 4,5 и 7 да бидат споени во една точка како и до сега ДИК што правела. Смета дека неговата интервенција ќе биде целисходна, и овие точки да бидат во една единствена точка на дневен ред.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, праша дали е предлогот во една единствена точка да се спојат точките 4,5 и 7.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК повтори дека му е предлогот точките 4,5 и 7 да се спојат во една точка а точката 6 да се симне од дневен ред.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, побара појаснување што се подразбира под предложена точка 6 "Запознавање со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд ". Согласно Деловникот за работа, ДИК по секое прашање треба да донесе акт или заклучок. Каков акт ќе донесе по оваа точка. Овие пресуди од Управен суд се јавни и достапни и секој може да ги види. ДИК немаше материјал кога одлучуваше по 639 лица, одлучување без материјал, а сега ќе разгледува пресуди од Управен суд. Го подржува предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК во целост.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека точката 6 "Запознавање со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд " е поради тоа што се работело за бројката од 639 лица а сега се работи за 524 лица.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа, Почитувани, бара да се симне точката 6 од дневен ред по прашањето за кое ДИК има пресуда од Управен суд, поради тоа што ова ќе го наруши интегритетот на Управниот суд и на ДИК. Ова е пресудено и правосилно и да се тргне точката 6 од дневен ред. Да се корегира дневниот ред како предложи Влатко Сајкоски, Член на ДИК.
- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека ДИК треба да се држи на Деловникот за работа на ДИК. Влатко Сајкоски, Член на ДИК даде предлог и истиот треба да се стави на гласање Не се отвара расправа по дневен ред. Прво да се утврди дневниот ред а после по точките ќе се дискутира.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека сака да биде јасен. Имаше дневен ред и точката 6 се заменува и тој има право да бара објаснување по точката 6 од дневниот ред.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека вчера биле на координација и се договориле за дневниот ред а сега им се наметнува друг дневен ред. Ова се ниски постапки, уште полошо зад кулисни работи.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека нема потреба од зборовите "зад кулисни и ниски работи". Дневниот ред го предлага Претседателот на ДИК. Потоа дава расправа по предложениот дневен ред и сите можат да расправаат. Ќе го стави предлогот на Влатко Сајкоски на гласање. Така како ќе се изгласа така ќе биде дневниот ред.
- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека прво сака да му разјасни на Сашо Срцев, Член на ДИК, во врска со предлогот на дневен ред со измена на точката 6 да гласи "Запознавање со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд ". Во пресудата на Управен суд пишува "се запишува " а во членот 42 од Изборен законик вика ДИК запишува , ако оваа точка не помине на дневен ред ќе останат лицата незапишани. Мора ДИК да донесе одлука и затоа е оваа точка ставена на

дневен ред. Согласно членот 42 од Изборниот законик ДИК врши запишување. Инаку, никој на никого ништо не прави, сите се дојдени да работат. По однос на предлогот на Влатко Сајкоски да се спојат точките 4,5 и 7 секогаш Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи водел една дискусија а гласањето било посебно по секоја точка. Овие пресуди не се извршни и ДИК треба да ги направи извршни.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека ДИК има решенија од Управен суд, и точката 6 треба да биде " Информација во врска со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд ". Тој не се согласува ДИК да гласа. Ова треба да биде само како информација дека ДИК ги доби решенијата од Управен суд и ДИК ќе ги спроведе. Во однос на спојување на точките, ДИК секогаш ги спојувал точките а гласањето било посебно по секоја точка.

Се отвори меѓусебна расправа и Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја прекина Седницата и даде пауза од 15 минути. Паузата започна во 12:45 часот.

Седницата продолжи во 13:15 часот во присуство на сите членови на ДИК.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја продолжи работата во врска со предложениот дневен ред. Кажа дека Влатко Сајкоски даде Предлог точката 6 од дневниот ред да биде симната, а точките 4 и 5 да се спојат. Вообичаено е во ДИК за овие точки да се води заеднички претрес, а потоа за секоја посебно се гласа.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК даде објаснување на неговиот предлог кој оди во линија на разгледувањето на пријавите на ДКП Тирана и предлага точките 4 и 5 да бидат во една единствена точка.

Се става на гласање првиот Предлог на Влатко Сајкоски, Член на ДИК точката 6 да биде симната од дневен ред.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК точката 6 да биде симната од дневен ред а 4 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК.**

**Се констатира дека Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК точката 6 да биде симната од дневен ред, не е прифатен.**

Се става на гласање вториот Предлог на Влатко Сајкоски, Член на ДИК точките 4 и 5 да бидат во една единствена точка на дневен ред.

**4 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Бедредин Ибраими ) се произнесоа " ЗА " прифаќање на Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК, точките 4 и 5 да бидат во една единствена точка на дневен ред, а 3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи и Виолета Дума ) се произнесоа " ПРОТИВ " прифаќање на Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК.**

**Се констатира дека Предлогот на Влатко Сајкоски, Член на ДИК, точките 4 и 5 да бидат во една единствена точка на дневен ред, е прифатен.**

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој, согласно членот 26 од Деловникот за работа на ДИК, предложи како точка на дневен ред да се стави " Упатството за гласање за претседателските избори 2014 година " поради итна потреба и тоа како втора точка на дневен ред.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи - на дневен ред да се стави " Упатството за гласање за претседателските избори 2014 година " како точка 2 од дневниот ред, го стави на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи - на дневен ред како точка 2 да се стави " Упатството за гласање за претседателските избори 2014 година " .**

**Се констатира дека Предлогот на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи - на дневен ред како точка 2 да се стави " Упатството за гласање за претседателските избори 2014 година " е прифатен.**

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој даде Предлог редоследот на точките да се промени, точката 6 да биде на местото на точката 4, точката 4 да биде точка 5 и како следи понатаму, со вметнување на новата точка 2.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, редоследот на точките да се промени, точката 6 да биде на местото на точката 4, точката 4 да биде точка 5 и како следи понатаму, со вметнување на новата точка 2, е ставен на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, редоследот на точките да се промени, точката 6 да биде на местото на точката 4, точката 4 да биде точка 5 и како следи понатаму, со вметнување на новата точка 2, и 1 Член на Државната изборна комисија се произнесе "ПРОТИВ" Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК.**

**Се констатира дека Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, редоследот на точките да се промени, точката 6 да биде на местото на точката 4, точката 4 да биде точка 5 и како следи понатаму, со вметнување на новата точка 2, е прифатен.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го прочита вака предложениот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од 90 – тата Седница на ДИК одржана на 03.04.2014 година;**

**2.Предлог Упатство за гласање за претседателските избори 2014 година;**

**3.Предлог Одлука за доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија, на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година;**

**4.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Парламентарното Собрание на Советот на Европа и од Амбасадата на Франција за претседателските избори и предвремените парламентарни избори 2014 година;**

**5. Информација во врска со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд;**

**6.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

**7. Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список;**

**8.Разно**

Вака предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 91 – та Седница на ДИК.**

[redacted]

**Разгледување и усвојување на Записникот од 90 – тата Седница на ДИК одржана на 03.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, отвори расправа по Записникот од 90-тата Седница на ДИК. Никој не се јави за збор и Записникот е ставен на гласање.

**6 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Записникот од 90 – тата Седница на ДИК одржана на 03.04.2014 година и 1 Член на Државната изборна комисија се произнесе "ВОЗДРЖАН" ( Анета Стефановска поради тоа што не присуствуваше на оваа Седница ).**

[redacted]

**Предлог Упатство за гласање за претседателските избори 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде образложение по оваа точка.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека секоја година ДИК носи вакво Упатство. Ова Упатство има измени само во делот со видливото мастило кое е предвидено со измените на Изборниот законик, а во другиот дел нема измени. Ова Упатство го користат и ОИК и ИО. Се става пред вратите на секое гласачко место за да се запознае граѓанинот кој гласа со начинот како треба да се гласа. Упатството ги има сите потребни елементи и вака предложено треба да се прифати.

Се отвори расправа. Никој не сејави за збор и Предлог Упатството за гласање за претседателските избори 2014 година, е ставено на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Упатството за гласање за претседателските избори 2014 година.**

[redacted]

**Предлог Одлука за доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија, на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се работи за Одлука за доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија. Одлуката е изработена од стручната служба со предлози за трошоците кои се потребни на ОИК и ИО. Даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде образложение по оваа точка.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека Одлуката се однесува на доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија. Одлуката е составена врз основа на Упатството за реализација на средства за спроведување на избори. Врз основа на тоа Упатство според критериумите кои се утврдени во Упатството за секоја ОИК по бројот на Избирачки одбори за двата круга на избори се утврдени средства за транспортни трошоци на ОИК и ИО. Како се предлага во Одлуката вкупниот износ на транспортни трошоци е 5.564.000,00 денари.Овие трошоци се распоредени како:

треба да бидат доделувани. Надлежност како ќе се трошат средствата е на ОИК, а од Упатството се гледа како треба да се трошат. Треба да се убрза постапката и овие средства треба да се трансформираат на посебните трансакциски сметки на ОИК. Ова треба да се убрза од страна на службата. Ова е реално по сите општини и по сите критериуми на ДИК.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека нема да има проблеми во врска со овие средства, а ако имаат потреба некој ОИК за средства најверојатно ДИК ќе удоволи. Дава пример со ОИК Тетово на која за двата круга на избори се предвидени 55.000,00 денари а има 117 Избирачки одбори, а на ОИК Аеродром со 93 Избирачки одбори се предвидени 40.000,00 денари. Во Тетово има повеќе ридско планински села а се предвидени 55.000,00 денари. Ќе гласа за Одлуката но ДИК да има во предвид дека најверојатно во Тетово ќе има потреба да се појача со средства. Во Тетово е направен пропуст и со оваа резерва ќе гласа за Одлуката.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека најверојатно ќе се најдат слабости на оваа Одлука но онаму каде е реално ДИК ќе ги надомести трошоците за да функционираат ОИК. Сега, во овој момент Одлуката е конечна но не е крајна.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека критериумите ДИК ги утврди и овој пат се строги. Во прилог на оваа Одлука е Упатството за реализација на средства за спроведување на избори по кое е оваа Одлука направена. Никој не може да троши повеќе или помалку.Ова се авансни средства. Некој општини ќе враќаат а на некој ќе им се додадат средства. Има простор ДИК да интервенира.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека во точката 4 од Одлуката да стои " сметкопотврда,со фискална сметка" . Ова да се корегира во Одлуката, во точката 4.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека секој трошок кој е прикажан треба да се покрие со фискална сметка.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Одлуката за доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија, на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година, со додавката во точката 4 по Предлогот на Бедредин Ибраими, Член на ДИК, е ставена на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за доделување на средства за транспортни трошоци на општинските изборни комисии и избирачките одбори, за спроведување на избор за претседател на Република Македонија, на 13.04.2014 година и предвремени парламентарни избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 27.04.2014 година.Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 4:**

**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Парламентарното Собрание на Советот на Европа и од Амбасадата на Франција за претседателските избори и предвремените парламентарни избори 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека материјалот по барањата го имаат. Според увидот од страна на службите е потврдено дека е

доставена потребната документација и дека се исполнети условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Парламентарното Собрание на Советот на Европа и од Амбасадата на Франција за претседателските избори и предвремените парламентарни избори 2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Парламентарното Собрание на Советот на Европа и од Амбасадата на Франција за претседателските избори и предвремените парламентарни избори 2014 година.**

[redacted]

**Информација во врска со прегледот на лица за кои се донесени решенија од Управен суд;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се донесени решенија од Управен суд и тоа се 524 решенија. ДИК не навлегува во тоа како судот донел одлука, доволно е само што имаме Информација и за ДИК е тоа крај. Се констатира дека она што судот го одлучил ДИК ќе го имплементира.

Се отвори дискусија. За збор се јавија:

-Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека службата беше задолжена да ги одвои сите лица за кои се донесени решенија од Управен суд и има вкупно 524 лица со име и презиме но службите не напишале адреса и општина, од каде се овие лица. Добро е овој Преглед да се дополни со адреси ( улица и број ) и општина од каде доаѓаат. Овие решенија се донесени од Управен суд. Во рок од 24 часа лицата, го искористиле правото да тужат и Управен суд пресудил. Чита пресуда од Управен суд како пример. Во пресудата не пишува од каде е лицето. Второ во пресудата пишува “ Ова решение е составен дел на потпишаниот Избирачки список на РМ на Државната изборна комисија “. Ова значи дека ДИК во секој Избирачки список треба да ги стави овие решенија и на секое лице ова треба да биде прилог на Избирачкиот список во Тирана.Така судот ја обврзал ДИК.Ова не е прв пат, ДИК секогаш го утврдувала спроведувањето на решенијата на Седница, но ова не го имала. Согласно член 2 точка 17 од Изборниот законик ( го чита ) ДИК праведно одлучила. Тука не пишува улица и број, општина, последно пријавено живеалиште нема. И во образецот 30 нема пријавено последно живеалиште. Во биометрискиот пасош на лицето му пишува Албанија, во личната карта, раѓање во Корча, Албанија. Лицето е родено во Корча Албанија и судот врз основа на член 2 точка 17 од Изборниот законик носи вакво решение и ДИК сега како да ги запише овие лица. Во решението не пишува наша адреса во Република Македонија Во решението пишува “ Ова решение е составен дел на потпишаниот Избирачки список на РМ на Државната изборна комисија “. Сите пресуди треба во прилог на Избирачкиот список да се додадат.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека овие документи, овој куп на решенија им даваат за право дека тие што беа за запишување на лицата во ДКП Тирана, а ДИК донесе Одлука да се избришат, беа во право. Оваа постапка е исправна и овие лица треба да бидат во Избирачкиот список за ДКП Тирана.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека е коректно ова што го кажа Влатко Сајкоски но ги замолува за коректност во дискусиите и другите членови на ДИК. Нема двојба, се разбираат дискусиите на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи и на Влатко Сајкоски, Член на ДИК. Овие решенија на Управен суд

ДИК ќе ги имплементира и сите тие лица ќе ги внесе во Избирачкиот список и во прилог ќе бидат овие решенија на судот.

- Сашо Срцев , Член на ДИК, го прочита членот 51 точка 4 од Изборниот законик кој гласи " Правосилното решение на Управниот суд на Р.Македонија донесено по тужба за запишување, примена и бришење е составен дел на потпишаниот Избирачки список од страна на Државната изборна комисија ".

- Виолета Дума. Член на ДИК, кажа дека се согласува дека на крајот констатацијата на ДИК е дека ДИК ќе ги спроведе одлуките на Управен суд.Она што колегата Влатко Сајкоски кажа дека овој куп на пресуди му дава за право дека биле во право тие што гласале да се запишат лицата во Тирана, а од примерот кој го даде Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, не би можело така да се каже.Но ќе ја почитува одлуката од Управен суд.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека со оваа одлука на Управен суд некој се задоволни некој не се но ДИК не коментира судска одлука. Се констатира дека ДИК има 524 решенија од Управен суд и ДИК според одлуките на судот ќе ги запише лицата во Избирачкиот список во Тирана.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека не се согласува со констатацијата. Управен суд вака ги запишал лицата незаконито и треба да им биде срам на овие судии. Судскиот совет одма треба да покрене постапка да се разрешат овие судии.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека не треба да се расплинуваат во дискусии. Расправата по оваа точка заврши.

**Точка 6:**

**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по оваа точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед и предлог на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, за сите три Изборни единици 7,8 и 9, а кои се од стручните служби обработени на 05.04.2014 год. Бројот на позитивните решенија е 2.926 и тоа се пријави кои предлага стручната служба да бидат прифатени. Кога на овие решенија ќе се додадат и решенијата од Тирана ќе бидат вкупно 3.078 пријави кои ДИК треба да ги прифати. Бројот на решенија за одбиени пријави е: 67 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со ѕвездичка и немаат приложено докази а 90 лица ги нема во Избирачкиот список. Ако на овие 90 решенија им се додадат и 13 од Тирана се работи за 170 пријави кои треба да се одбијат. Има посебна категорија на решенија за Тирана. За 639 лица ДИК одлучи негативно но после тој рок се пријавија уште 152 лица плус 13 лица, вкупно 165 лица се пријавија за Тирана. И тие беа разгледани на последната Седница, но ДИК се договори решенијата за Тирана посебно да се разгледаат и затоа така се предложи дневниот ред за оваа Седница. Службите даваат преглед и предлог и за позитивните и за негативните решенија. За Тирана да се разгледаат решенијата едно по едно и позитивните решенија кои ги предлага службата. И овие лица имаат право на тужба до Управен суд и по овие решенија судот ќе донесе одлука.Прво се разгледуваат, како и секогаш, решенијата за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со ѕвездичка и немаат приложено докази – 67 решенија, а потоа одбиените пријави поради тоа што лицата ги нема во Избирачкиот список – 90 решенија. Прво се разгледуваат решенијата за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со ѕвездичка и немаат приложено докази –

67 решенија. Се разгледуваат сите пријави со документацијата една по една одделно за секое лице.

Се отвори дискусија. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, ја прекинува Седницата поради консултации со членовите на ДИК и дава пауза. Паузата започна во 14:20 часот.

Седницата продолжи во 15:20 часот. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ја продолжи Седницата во присуство на сите членови на ДИК. Се продолжи со разгледувањето на одбиените пријави.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи продолжи со образлагањето по оваа точка. Разгледани се сите пријави за 67 одбиени решенија, Се разгледуваат одбиените пријави на лицата кои ги нема во Избирачкиот список, 90 решенија плус 12 од Тирана тоа се вкупно 102 решенија. Се заврши со разгледувањето на Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9. Да се гласа за позитивните решенија кои се предложени од Службата 2.926 , а за 152 решенија од Тирана посебно да се гласа.

За збор се јави Влатко Сајкоски, Член на ДИК,и кажа дека се слага дека Службата прецизно и точно постапила и дала добро обработени и точни податоци за запишување во Избирачкиот список и сега треба сите заедно да се изгласаат. Предлага по оваа точка ДИК да ги разгледа и 152 лица од Тирана.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека е неспорно колку се предложени решенија за одбиени пријави. 2.926 се позитивни решенија. Сите членови на ДИК се договорија за Тирана на крај да се направи увид за 152 решенија да се каже по нешто.Неколку случаи да се видат за какви решенија се работи и да се заврши Седницата.

За збор се јави Влатко Сајкоски, Член на ДИК,и кажа за гласање ДИК на крај да,гласа во едно, заедно за сите позитивни решенија. Бара да му биде ставен Предлогот на гласање.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој предложи да се одвои гласањето.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи продолжи прво да се гласа за негативните – одбиените решенија.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа прво ДИК да се произнесе за решенијата за одбиени пријави кој број вкупно изнесува 68 плус 102, 170 решенија за одбиени пријави.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на 170 решенија за одбиени пријави на гласачи по двата основа за одбивање.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа ДИК да се произнесе со гласање за 2.926 позитивни Решенија.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на 2.926 позитивни Решенија.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека сега се преминува на дискусија за 152 лица од Тирана. За збор се јавија:

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека ДИК имаше случај кога 639 пријави беа одбиени затоа што лицата имаа странски адреси а како овие лица се наоѓаат во Избирачкиот список тој не знае. Полека и ДИК доаѓа во намера со која веќе ја врши истата надлежност.ДИК учи ден на ден. Со измените на Изборниот законик за прв пат за овие избори на политичките партии им се даде можност во рок од пет дена од приемот на Избирачкиот список да доставаат до ДИК барање за запишување, дополнување или бришење на податоци во Избирачкиот список. ДИК доаѓа во сомнение дали е Избирачкиот список таков каков што треба да биде,

Излага дека има аномалии во Избирачкиот список и ДИК открива каде се аномалиите во Избирачкиот список. Дали ДИК правилно одлучува ќе цени јавноста и органите.За овие 152лица сега едно по едно ќе се види дали се по ист основ или се по друг основ предложени за прифаќање. Може има граѓани кои се привремено вработени во Тирана, согласно членот 2 точката 17 од Изборниот законик кои се привремено вработени надвор од земјата. Може има вакви и тој ќе ги разгледа. Почнува со разгледувањето. Една пријава- има документи, последно пријавено живеалиштево Р.Македонија, место на раѓање Албанија, адреса Стење, Ресен.Ова не е исто како тие од порано. Стручната служба смета дека оваа пријава треба да биде позитивно прифатена. Се проверуваат понатаму пријавите. Во сите проверени пријави лицата имаат биометриски пасош и адреса во Р.Македонија. Се наоѓа пријава, лицето нема адреса во Р.Македонија, и Потпретседателот на ДИК не знае како ова лице се наоѓа во Избирачкиот список. Во повеќето пријави лицата се со адреси во Р.Македонија а помалку пријави се со лицата кои немаат адреси во Р.Македонија.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека се изјаснил во врска со оваа категорија на гласачи уште во периодот кога ДИК расправаше по приговорите на ДУИ и СДСМ каде се бараше таа категорија на лица да не бидат прифатени и сега стои на тоа стојалиште, без разлика што сега некои лица имаат адреси во Р.Македонија затоа што сите тие се на куп и сите се исти, со фиктивни адреси во Р.Македонија а имаат стално живеалиште во Р.Албанија. И тогаш гласал да не се изврши запишување на овие лица во Избирачкиот список. И сега ќе гласа против запишување на овие 152 лица во посебниот извод на Избирачкиот список за гласање во ДКП Тирана.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека ДИК поголемиот дел од работата ја потрошила за гласање на дијаспората и државата троши огромни средства за гласање на дијаспората. Според Прегледот на стручните служби има 23.150 прифатени пријави за гласање во дијаспората. За жал, иако овде се отвори дискусија за овие пријави, ДИК не обрна внимание на нашите граѓани кои се на привремена работа во странство со години и тука во Р.Македонија плаќаат данок на државата. Констатира дека имаше потполна аномалија во државата, во Изборната единица 6 каде е надминат законскиот цензус до плус 5% на бројот на избирачи во Изборна единица, кој тука изнесува 5,087 %. Се уште Изборната единица број 6 има 34 илјади избирачи повише во однос на Изборните единици 3 и 4. ДИК на време укажа и достави допис до Министерот за правда за да интервенира до Претседателот на Собранието на Република Македонија, но тој не реагираше на време и Собранието се распушти. Поуката од ова, како порака е дека изборот на три пратеника надвор од државата треба да се укине. Во никој случај нашите сограѓани кои се надвор од државата, кои се привремено надвор, не треба да не гласаат. Треба да им се овозможи да гласаат за 120 пратеника во државата. Во државата ќе гласаат кога ќе се бираат 120 или 140 пратеника, еве претскажува пред време, и на овие граѓани да им се овозможи да гласаат за пратениците на Р.Македонија тука во државата. Тој ќе гласа воздржан, како и претходниот пат, ќе остане доследен.

- Анета Стефановска, Член на ДИК кажа дека ќе биде кратка во излагањето. Секое мислење го почитува и се надева дека ќе се почитува и нејзиното мислење. Изборниот законик предвидува различни постапки за заштита на избирачкото право, и тие се во функција на обезбедување на еднаквоста на избирачите и тие што се избираат. Во делот " Евиденција на избирачкото право" во Изборниот законик,член 41 точка. 4 стои " Во Избирачкиот список се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години живот кои имаат живеалиште на територијата на

Р.Македонија, ако имаат важечка лична карта или патна исправа."Точка 5 од истиот член вели " Во Избирачкиот список се запишуваат и сите државјани на Р.Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, со живеалиште на територијата на Р.Македонија и со важечка патна исправа. Овие лица се запишуваат според нивното последно живеалиште во Р.Македонија пред заминувањето во странство." Потсетува дека Управниот суд на 22 март ја одби како неоснована тужбата од ДУИ за бришење на лицата од Посебниот извод на Избирачкиот список за гласање во Тирана и како образложение ги посочи членот 41 точка ( 4 ) и ( 5 ) од Изборниот законик. А Управниот суд е најмеродавен во ситуацијава. Го обрнува вниманието и кон точката (8) од чл. 41 од Изборниот законик во која се вели " Од Избирачкиот список се изготвуваат изводи за секоја Изборна единица, општина или Избирачко место. " И толку . Кој дел е нејасен сега овде? Согласно чл. 6 став (2 ) од Изборниот законик, 639 граѓани од Мала Преспа/ Пустец сега за претседателските избори се во Избирачкиот список, имаат адреса во Р.Македонија, а живеат во Република Албанија. Тие имаат валидна биометриска исправа со која комплетно го исполнуваат законскиот услов да можат да бидат впишани и во посебниот Избирачки список за гласање во Тирана. Државен орган го издал документот, лична карта или пасош на свој државјанин. Па,тој мора да биде запишан на списокот. Граѓаните од Пустец, од Мала Преспа, ќе си гласаат како што ќе гласаат и граѓаните со двојно државјанство од пограничните места во Србија и Бугарија. Граѓанинот ќе одбере каде му е најблиску да гласа и таму ќе го реализира гласањето.Заштитата на правата на кандидатите за која деновиве интензивно работиме разгледувајќи приговор по приговор, не може да биде поважна од заштитата на правата на сите други граѓани и при евидентирањето во Избирачкиот список, заштитата на правата на избирачите во постапката на спроведување на гласањето.Таа се чувствува навредена кога се делат луѓето на оние од Пустец и на овие од Виена.Тие се сепак граѓани на Р.Македонија и исполнуваат ваков или таков услов.

- Сашо Срцев, Член на ДИК кој кажа дека ќе даде кратка хронологија. За претседателски избори со 7 гласа "ЗА" ДИК гласаше за овие лица. Потоа ДУИ поднесе приговор во врска со членот 49 – а од Изборниот законик. Приговорот е одбиен и ДУИ поднесе тужба до Управен суд. Управниот суд донесе пресуда и ја одби тужбата на ДУИ како неоснована. Сега, за парламентарните избори тие што гласаа "ЗА" сега гласаат "ПРОТИВ".Што е тоа што им го промени мислењето. Изборниот законик има прецизни членови во кои се наведува кој може да гласа во странство и ДИК има обврска да го почитува Изборниот законик и избирачкото право. Сега ако ДИК не ги прифати овие 152 лица ќе биде направена повреда на избирачкото право. ДИК е должна да го почитува членот 2 точката (17) од Изборниот законик, и членот 6 став (1) и членот 1 став (1) и став (2) од Законот за лична карта 9кои ги прочита). Врз основа на сето кажано зошто воопшто расправаме за оваа категорија на граѓани кои ги исполнуваат законските услови за гласање во ДКП Тирана.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кажа дека сите овие лица ги добиле патните исправи во 2008,2009 и 2010 година. Ги добиле патните исправи во време кога е Гордана Јанкуловска Министер на МВР. Го чита членот 7 ставот (2) од Законот за државјанство, да се види како се издадени документите. Дали се овие услови исполнети. Има граѓани кои живеат во Р.Македонија и Министерката Јанкуловска не им дава државјанство. Со овие лица се прави гласачка машинерија за избори, каде се потребни во Р.Македонија во Центар, а после во Тирана. Законот е еднаков за сите. Тотално се применува различно законот. Ќе одиме во Европа. Убави закони но дали се применуваат како што треба. Пет пати го читал на

ДИК Законот за живеалиште и престојувалиште. Кој се овие луѓе кои не живеат во тоа живеалиште, како им е дадена оваа лична карта. Тој е ДИК и не му се дава можност да провери дали се точни овие документи.Овие лица не плаќаат ни данок на државата и затоа е против. Управен суд не е суд и се прашува како станале тие судии.Имаме судии што не знаат да пишуваат. Сите пресуди се исти, образложението е исто само се сменети имињата на судиите.Вика докази а нема ништо, а тој е затечен и треба да гласа.Овде во Р.Македонија не вреди ни да знаеш.Никого не обвинувам но применувањето на законот не е во ред.

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека само чита закони.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека прашањето на Сашо Срцев, зошто ги менуваме мислењата, ја прашала и новинарка. Таа своето мислење не го сменила. Од првиот момент Пустец, откриен од СДСМ за Локалните избори, овие граѓани кои постојано живеат во Р.Албанија а се стекнале со лична карта во Р.Македонија не треба да гласаат согласно членот 2 точката (17) од Изборниот законик ( го чита ) .Првиот основ е тука во Р.Македонија да се родил и да живее, а надвор е на привремена работа, специјализација или по друг основ престојува во странство. Овие лица добиле лична карта како возрасни лица во Р.Македонија, на 50 години, за прв пат. Треба да се разглобат работите, на привремен престој и живеалиште. Прво треба да се стекне живеалиште а потоа да се оди на привремена работа во стрнство. Нејзиното мислење, како што беше и за приговорите на СДСМ , не е променето.Овие лица доаѓаат тука, не живеат тука, гласаат и си одат. Не го менува мислењето. Управен суд нека ги врати лицата, ќе го почитува судот и пресудата која ќе ја донесе.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа дека становиштата на сите Членови на ДИК се познати и тоа што тој го мисли го делат колегите Сашо Срцев и Анета Стефановска. Врз основа на законот имаме луѓе кои што треба да бидат запишани во ДКП Тирана поради тоа што имаат документи. ДИК е орган кој што по сила на законот го организира процесот на гласањето во Р.Македонија и во дијаспората. На овие избори ДИК доволно време изгуби со овие луѓе и Службата која ги обработуваше овие пријави имаше премногу работа. Сака да апелира до Членовите на ДИК да имаат во предвид дека ДИК има 529 пресуди од Управен суд и повеќе од 14 дена работа по овие пријави. Тој смета дека е расправата на ДИК по ова прашање стручна и тој ја смета како добра расправа.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, стави на гласање, кој е за запишување на 152 пријави во песебниот избод во Избирачкиот список за предвремените парламентарни избори 2014 година, во ДКП Тирана.

**3 Члена на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа “ ЗА “ прифаќање за запишување на 152 пријави во песебниот избод во Избирачкиот список за предвремените парламентарни избори 2014 година, во ДКП Тирана, 3 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи и Виолета Дума ) се произнесоа “ ПРОТИВ “ прифаќање за запишување на 152 пријави во песебниот избод во Избирачкиот список за предвремените парламентарни избори 2014 година, во ДКП Тирана и 1 Член на Државната изборна комисија ( Бедредин Ибраими ) се произнесе “ВОЗДРЖАН “.**

**Се констатира дека Државната изборна комисија не прифати запишување на 152 пријави во песебниот избод во Избирачкиот список за предвремените парламентарни избори 2014 година, во ДКП Тирана. Службата да постапи по оваа одлука.**

[redacted]

**Предлог Заклучок за запишување на лица во Избирачкиот список;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека 4 лица, кои се читаат по име и презиме, дополнително, поради тоа што ги исполнуваат условите треба да се запишат во Избирачкиот список.

Никој не се јави за дискусија. Се става Предлог Заклучокот за запишување на 4 лица во Избирачкиот список, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Заклучокот за запишување на 4 лица во Избирачкиот список. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

[redacted]

**Разно**

По точката "Разно" никој не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е дневниот ред исцрпен и ја затвори деведесет и првата Седница на ДИК. Се заблагодари на сите присутни.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**91-та седница на Државната изборна комисија заврши во 16:30 часот.**

**Број** 07 - 1383/2
08.01. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**